# Австралиска Повелба за правата за здравствената нега

Австралиската Повелба за правата за здравствената нега /Australian Charter of Healthcare Rights/ ги опишува правата на пациентите и на другите луѓе што го користат австралискиот здравствен систем. Тие права се од основна важност за да се осигура дека секогаш и секаде каде што се пружа нега, таа е висококвалитетна и безбедна.

Повелбата потврдува дека и луѓето што примаат здравствена нега и луѓето што пружаат здравствена нега треба да одиграат значајни улоги во остварувањето на правата во врска со здравствената нега. Повелбата им овозможува на пациентите, корисниците, семејствата, негувателите и службите што пружаат здравствена нега да стекнат заедничко разбирање за правата на луѓето што добиваат здравствена нега. Тоа им помага на сите заеднички да работат за безбеден и висококвалитетен систем за здравствена нега. Важно е да се воспостави искрена соработка меѓу пациентите, корисниците и давателите на здравствена нега за да може на крајот да се постигне најдобриот исход за сите нив.

## Основни начела

Следните три начела опишуваат како се применува оваа Повелба во австралискиот здравствен систем.

1 Секој човек има право на пристап до здравствена нега и ова право е од основна важност за да може оваа Повелба да има смисла.

2 Австралиската влада е обврзана со меѓународни спогодби за човековите права со кои на секој човек му се гарантира правото на највисок можен стандард на телесно и душевно здравје.

3 Австралиското општество е сочинето од луѓе со различни култури и начини на живот, а Повелбата ги признава и уважува тие разлики.



За натамошни информации, ве молиме посетете го www.safetyandquality.gov.au

AUSTRALIAN COMMISSION ON SAFETY AND QUALITY IN HEALTHCARE

## Што можам да очекувам од австралискиот здравствен систем?

| МОИТЕ ПРАВА | ШТО ЗНАЧИ ТОА |
|---|---|
| ***Пристап*** | |
| Имам право на здравствена нега. | Имам пристап до служби и услуги што ќе ги задоволат моите потреби од здравствена нега. |
| ***Безбедност*** | |
| Имам право да добивам безбедна и висококвалитетна нега. | Добивам безбедни и висококвалитетни здравствени услуги што се пружаат со професионална грижа, вештина и способност. |
| ***Почит*** | |
| Имам право да ми укажат почит, уважување и обсири. | Негата што ми се пружа покажува почит спрема мене и мојата култура, верувања, вредности и одлики. |
| ***Комуникација*** | |
| Имам право на јасен и отворен начин да бидам информиран за услугите, лекувањето, можностите и трошоците. | Добивам отворена, навремена и соодветна комуникација во врска со мојата здравствена нега на начин што можам да го разберам. |
| ***Учество*** | |
| Имам право да бидам вклучен во одлуките и изборите во врска со мојата нега. | Може да се вклучам во донесувањето одлуки и избирањето на мојата нега и во планирањето на здравствените услуги. |
| ***Приватност*** | |
| Имам право на приватност и доверливост на моите лични информации. | Мојата лична приватност е заштитена и осигурано е соодветно постапување со моите лични здравствени и други информации. |
| ***Изнесување мислења*** | |
| Имам право да го изнесам моето мислење во врска со мојата нега и да се разгледаат работите што ме загрижуваат. | Можам да изнесувам мислења или поплаки во врска со мојата нега, а работите што ме загрижуваат да бидат решени соодветно и брзо. |